ДП Бр 02-134/19-1
Скопје , 25.02.2019 година

Државно правобранителство
на Република Северна Македонија
Бул. Гоце Делчев бр.18
1000 Скопје
Тел.02/3230-214,3230-217
Фах. 02/3229-351
e-mail. dpskopje@dprm.gov.mk

Врз основа на член 9 став 1 од Законот за државното правобранителство (Сл. Весник на РМ бр. 87/07 и 104/15), член 4 од Законот за заштита на укажувачи (Сл весник на РМ бр.196/15 и 35/18), член 2 став 1 и член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор (Сл. весник на РМ 46/2016)) и член 3 став 1 од Упатство за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите ДП бр.02-134/19 од 25.02.2019 година, Државниот правобранител на Република Северна Македонија, го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

## за назначување на лице за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите

1. Се назначува и овластува **Нуркан Љоки**, вработен во Државното правобранителство на Република Севрна Македонија, на работно место со звање Самостоен референт -Технички секретар на Државниот правобранител на Република Северна Македонија, за овластено лице за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите.

Овластеното лице може да се контактира на адреса ул.Бул Гоце Делчев бр.18 Скопје, телефон 02/2320-217, или на е-маил nurka.loki@dprm.gov.mk

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Со донесување на ова решение престанува да важи Решение ДП бр.02-46/17-1 од 03.02.2017 година на Државниот правобранител на Република Македонија.

4. Ова решеие да се објави на веб страната на Државното правобранителство на Република Северна Македонија и на Огласната табла на Државното правобранителство на Република Северна Македонија

## Образложение

Согласно член 4 од Законот за заштита на укажувачи, член 2 став 1 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор и член 3 став 1 од Упатство за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите, Државниот правобранител на Република Северна Македонија одлучи како во диспозитивот решението.

ДОСТАВЕНО ДО :
- овластеното лице;
- веб страна
-огласна табла
- архива

**Изработил**
Генерален секретар
Андријана Сливоска

Примил:

**ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ФЕХМИ СТАФА**

Република Македонија Државно правобранителство на Република Македонија Скопје